Република Северна Македонија
**Министерство за култура**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**

Сектор за управен
и инспекциски надзор

Sektori i Mbikëqyrjes
AdministrativedheInspektuese

Архивски знак:____
Рок на чување:____год.
____20____год.
Потпис,

# ЗАПИСНИК
## за извршен инспекциски надзор

**Ип 1 бр. 57-102/2021**
**Датум: 14.02.2022 година**

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | Културно Уметничко Здружение – Авант Гарде, Тетово (**во натамошниот текст: Здружение**) |
| Седиште/адреса на субјектот | ул. „Штипска“ бр. 72, Тетово |
| Адреса за е-пошта | avangarde-te@hotmail |
| Телефон | 070 322 424 |
| Матичен број на субјектот | |
| Даночен број на субјектот | |
| Број на сметка на субјектот | |
| Банка депонент | НЛБ АД, Скопје |

Одговорно/и лице/а на субјектот:

| Име и презиме: | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| овластено лице, претседател | | |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. ВОНРЕДЕН | <u>3. КОНТРОЛЕН</u> |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 11.02.2022 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 10.45 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 14.02.2022 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 12.30 |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Објект, Нова Македонија – Министерство за култура, Сектор за управен и инспекциски надзор | | |
| Главна дејност на објектот-инсталацијата каде се врши | (-шифра) | | |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
RepublikëssëMaqedonisësëVeriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | |
|---|---|
| надзорот | |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:

-Записник од извршен вонреден инспекциски надзор ИП 1 бр. 57-102 од 06.12.2021 г., и Решение со опомена Ип 1 бр. 57-102 од 07.12.2021 година, како и месечниот план за работа на СУИН на МК за месец февруари бр. 57-49/2 од 02.02.2022 година.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од:

[redacted], виш инспектор во Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура на РСМ.

5) Предмет на контролниот инспекциски надзор:

Предмет: Предмет на инспекцискиот надзор е да се утврди дали Здружението, по истекот на рокот определен во инспекцискиот акт има постапено по Решението со опомена Ип 1 бр. 57-102 од 07.12.2021 година, донесено од инспекторот, а со коешто на субјектот надзорот застапувано од одговорното лице [redacted] е опоменато да ја отстрани неправилноста во работењето утврдена со Записникот за вонреден инспекциски надзор ИП 1 бр. 57-102 од 06.12.2021 г., односно до надлежниот Сектор за дејности од областа на културата и уметностите на Министерството за култура, да достави целосен образец за финасиски извештај за реализација на проектот – Авант Гарде Арт фестивал што е од национален интерес во културата од областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајн за 2020 година, со наративен приказ за реализција на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства (на пропишан образец достапен на веб локацијата на МК), со соодветна документација во прилог како договори, сметки, фактури и банковни изводи и конечен финасиски извештај со сите износи на потрошени средства и извори на финасирање, согласно со член 68 став (3) од Законот за културата член 5 став (1) од Договорот.

6)Во извршувањето на овој инспекциски надзор:


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
RepublikëssëMaqedonisësëVeriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

Не се употребени листи за проверка, од причина што станува збор за контролен инспекциски надзор, а истите се задолжителни при редовен инспекциски надзор согласно со член 70 став (3) од Законот за инспекциски надзор.

7)За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзорот беше претставувано од лицето:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| [redacted], овластено лице, претседател | [redacted] | |

8) За време на извршување на инспекцискиот надзор, не присуствуваа други лица:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| / | / | / |

9)Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на корисникот- субјектот на надзор му ги презентира целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот надзор.

10)Во инспекцискиот надзор се констатирани следните **наоди за утврдената фактичка состојба:**

Во конкретниов случај, констатирано е дека субјектот на надзорот, застапуван од лицето [redacted] наместо во рокот утврден во точка 2 од Решението со опомена Ип 1 бр. 57-102 од 07.12.2021 година, до Секторот за дејности од областа на културата и уметноста да достави **целосен образец за финасиски извештај** за реализација на проектот – Авант Гарде Арт фестивал, со наративен приказ за реализција на проектот, со соодветната документација во прилог, во **два наврати и тоа на 20.12.2021 и на 04.01.2022 г., до Секторот за управен и инспекциски надзор** и покрај усните укажувања од страна на инспекторот, достави образец за оперативен и финасиски план за реализација на проектот, што не е во согласност со член 68 став (3) од Законот за културата член 5 став (1) од Договорот.

11) Од непосредниот увид во приложената евиденција, документација, како и разговорот со присутното лице, се утврди следново:

1. Утврдени се неправилности во работењето на субјектот на надзорот, односно не е постапено по предметното Решение со опомена донесено од инспекторот, не е

доставен наративен и финасиски извештај со соодветна документација во прилог туку, во два наврати е доставен образец за оперативен и финансиски план за реализација на проектот..

Оттука, врз основа на утврдената фактичка состојба при контролниот инспекциски надзор, се констатира дека субјектот на надзорот нема постапено по инспекцискиот акт-Решение со опомена Ип 1 бр. 57-102 од 07.12.2021 година година, поради што инспекторот согласно со член 83 став 3 од Законот за инспекциски надзор повторно ќе донесе инспекциски акт, односно решение со кое на одговорното лице во Здружението **ќе му нареди** да постапи во рок од 8 дена од денот на приемот на истото.

Доколку утврдената неправилност не ја отстрани во дадениот рок, ќе му биде изречена глоба за сторен прекршок со издавање на прекршочен платен налог, согласно со Законот за прекршоците и Законот за културата.

12)Поради природата и околностите на инспекцискиот надзор, записникот е составен во службените простории на СУИН на МК во согласност со член 82 став (3) од ЗИН.

13)Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој што изјави дека нема забелешки на констатираното со записникот.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на субјектот на надзорот:<br><br>овластено лице, претседател на Здружението | | Печат и потпис на инспекторот за култура:<br><br>виш инспектор | |
| Датум: | .02.2022 г. | Датум: | 14.02.2022 г. |

Доколку претставникот на субјектот на надзорот одбие да го потпише записникот, да се наведат причините за истото.